Врз основа на член 45 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија бр.32/20), Општина Кочани објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**

за изработување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење

Општина Кочани објавува јавен повик за изработување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење:

1. Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за главен колектор за поврзување на Виница и селата Грдовци и Прибачево на ПСОВ Кочани и секундарни колектори за селата Лески, Јакимово и Истибања.

**1.Податоци за планскиот опфат:**

Предмет на изработка:
Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за главен колектор за поврзување на Виница и селата Грдовци и Прибачево на ПСОВ Кочани и секундарни колектори за селата Лески, Јакимово и Истибања.
Површина на плански опфат: **18,145 ха.**
Место: Општина Виница, Општина Кочани, Општина Чешиново Облешево

Започнување на работите: веднаш по склучување на договор за изработка на урбанистичкиот план.
Урбанистичкиот план да се изработи согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.225/20 и 219/21).

**2.Период за изработување на Урбанистичкиот план:**
**20** дена од одобрување на планска програма / добивање услови за планирање на просторот / добивање на податоци и информации.
**5** дена за изработка на планска програма.

**3.Потребна документација за докажување и исполнување на критериуми:**

1. На јавниот повик можат да се пријават правни лица со важечка лиценца за изработување на урбанистички планови согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.32/20) и Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.199/14..168/18).
2. Доказ дека правното лице е регистрирано за вршење на соодветната дејност – документ за регистрирана дејност (ДРД образец) или потврда за регистрирана дејност, не постари од 6 месеци.

**4. Рок и начин за доставување на понудата:**
Понудите да се достават најдоцна до (понеделник) 21.03.2022г. до 14,00 часот преку архивата на Општина Кочани, во жолт плик со назнака "НЕ ОТВАРАЈ" и "за ЈАВЕН ПОВИК бр.22-629/3"

**5. Датум, време и место на отворање на понудите:**
21.03.2022г. во 14,30 часот, во просториите на Општина Кочани.

**6. Критериуми за доделување на договор на јавниот повик:**

**6.1.** кадровска и техничка опременост на правното лице

- да достави доказ дека има вработено во работен однос на неопределено и полно работно време најмалку пет инженери архитекти со стекнато високо образование од членот 67 став (1) од овој закон и инженери од други области релевантни за урбанистичкото планирање, од кои најмалку двајца имаат овластување за изработување на урбанистички планови (листа на вработени од надлежен орган не постара од 1 месец од денот на отварање и важечки овластувања);
- да достави листа за техничка опременост;

**6.2.** Референтна листа за извршени работи:

- референтна листа за извршени работи за изработка на урбанистички планови од последните 2 години;

**6.3** Предходни позитивни стручни референци од подрачјето на планскиот опфат што е предмет на јавниот повик.

- најмалку 5 потврди за извршени слични работи во последните 2 години, реализирани преку договори за јавна набавка.

**6.4** Понудена организација и методологија на изработка на работите:

- динамичен план со рокови на активности во денови, вклучувајќи ги и активностите кои не се во домен на изработувачот, а се пропишани со законска регулатива;

**6.5** Финансиска солвентност;

- да остварил позитивен финансиски резултат за последните 2 години со доставување на извештај за биланс на успех или завршена сметка заверени од надлежен орган.;

**6.6** Вредност на понудата да биде согласно Тарифникот за вредност на работите од урбанистичко планирање бр.02-4059/1 од 07.06.2021г. (Сл.весник на РСМ бр.140/21).

Понудувачот треба да ги внесе единичните цени и вкупната цена на набавка во предмерот од Прилог 1.

Понудената цена треба да ги вклучува сите трошоци и попусти на понудувачот, да биде искажана без данок на додадена вредност кој се искажува посебно.

Понудата не е деллива.

Начин на плаќање: Вирмански, по доставена фактура за извршена услуга во рок од 60 дена.

Понудите ќе бидат оценувани комисиски со вреднување врз основа нја доставената документација наведена во горенаведените критериуми:

- број на вработени инжинери архитекти и број на вработени инженери од други области релевантни за урбанистичко планирање;
- број на референци на изработени урбанистички планови во послендите 2 години;
- број на потврди за извршени слични работи во последните 2 години, реализирани преку договори за јавна набавка;
- поволен динамичен план со рокови;
- подобра финансиска солвентност.

| Ред. Бр. | Предмет на работа | ха | Цена без ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| 1. | Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за главен колектор за поврзување на Виница и селата Грдовци и Прибачево на ПСОВ Кочани и секундарни колектори за селата Лески, Јакимово и Истибања | 18.18 | | |
| 1.2 | Планска програма за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење | | | |
| | Вкупна цена | | | |

Изработил РМ Ф. Минова

Одобрил ДЦ

**Општина Кочани**
Градоначалник,
Љупчо Папазов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 22-629/3
04.03. 2022 год.
КОЧАНИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА КОЧАНИ


Општина Кочани
Општина Виница
пешево
Општина Зрновци

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 и точка 16 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на Република Македонија“бр.5/2002), а во согласност на член 45 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/2020), Градоначалникот на Општина Кочани, ја донесе следната

# О Д Л У К А

## за распишување на Јавен повик за спроведување на постапка за изработување на урбанистички план

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
БР. 22-629/1
28.02.2022 ГОД.
КОЧАНИ

### Член 1

Градоначалникот на Општина Кочани, Одлучи да се респише Јавен повик за изработување на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за главен колектор за поврзување на Виница и селата Грдовци и Прибачево на ПСОВ Кочани и секундарни колектори за селата Лески, Јакимово и Истибања.

### Член 2

Јавниот повик за избор на изработување на урбанистички план, да биде објавен во информацискиот систем е-урбанизам и на веб страницата на Општина Кочани.

### Член 3

Вредноста на понудите да биде во согласност со Тарифник за вредност на работите од урбанистичкото планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.140/2021).

### Член 4

Распишаниот Јавнен повик за спроведување на постапка за изработување на урбанистички план ќе трае 15 дена од денот на објавувањето.

### Член 5

Јавниот повик, во согласност на закон, ќе го спроведе Комисија за спроведување на постапка за изработување на урбанистички план, које ќе е формирана од страна на Градоначалникот на Општина Кочани.

### Член 6

Спроведување на постапката за вршење на избор на понудувач за изработување на урбанистички план, ќе да се спроведе доколку биде пристигната најмалки една понуда.

### Член 7

Комисијата има обврска во рок од 5 дена од отворањето на пристигнатите понуди, да изврши евалуација на понудите и да изготви Извештај со Предлог за избор на изработувач на урбанистички план.

**Градоначалник на**
**Општина Кочани**
**Љупчо Папазов**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА КОЧАНИ

Изготвил:
Драган Ананиев

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 и точка 16 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на Република Македонија"бр.5/2002), а во согласност на член 45 став (5) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/2020), Градоначалникот на Општина Кочани, донесе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
БР. 22-629/2
28.02 20 22 ГОД.
КОЧАНИ

# Р Е Ш Е Н И Е

## за формирање на Комисија за спроведување на постапка по Јавен повик за изработување на урбанистички план

**Член 1**

Градоначалникот на Општина Кочани, формира **Комисија за спроведување на постапка по Јавен повик за изработување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за главен колектор за поврзување на Виница и селата Грдовци и Прибачево на ПСОВ Кочани и секундарни колектори за селата Лески, Јакимово и Истибања**, во следниот состав:

- Дивна Цековска - Раководител на одделение за урбанизам и заштита на животната средина од Општина Кочани
- Никола Давитков – Соработник за изготвување на решенија за градење од Општина Кочани
- Драганчо Ставрев –Помошник директор на КЈП Водовод Кочани

**Член 2**

Комисијата има обврска да ја спроведе постапката во фер и транспарентни услови и да ја води непристрасно во согласност на сите позитивни законски прописи.

Комисијата има обврска во рок од 5 дена од отворањето на пристигнатите понуди, да изврши евалуација на понудите и да изготви Извештај со Предлог за избор на изработувач на урбанистички план.

**Член 3**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето

**Градоначалник на**
**Општина Кочани**
**Љупчо Папазов**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ

Изготвил:
Драган Ананиев